# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

**Одлука**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот оформен по пријава бр. 12- 2603/1 од 06.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - за утврдување на незаконитости и прекршувања на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/2019), поради тоа што не е констатирана повреда на законот и нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет..

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2603 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2603/1 од 06.05.2019 година.

Предметот со број 12-2603 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2603 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2603/1 од 06.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Со пријавата се изразуваат сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, против Градоначалникот на Општина --------- заради масовно асфалтирање и тампонирање на улици по населбите во градот ------- во време на изборен период, од почетокот на изборната кампања.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот за тоа дека од градоначалникот на оваа општина имало класичен изборен поткуп преку масовно асфалтирање и тампонирање на улици по населбите во градот -------- во време на изборен период и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации за посоченото прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик од општина -----------, во одговор на кое кај Државната комисија за спречување на корупцијата е примен одговор - писмено бр. 12-2603/4 од 30.05.2019 година, според кој од општината и од градоначалникот немало започнато изградба со средства од буџетот на нови објекти во инфраструктурата, како патишта и улици, без за таа намена од претходно да бидат обезбедени средства од буџетот, односно нема работи кои не биле предмет на реализација на Програмата за уредување градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град ---------- за 2019 година, донесена врз основа на закон во месец декември 2018 година, а што се однесува до работите за одржување на јавните патишта во надлежност на Општина --------- истите општината била должна да ги одржува согласно со одредбите од Законот за јавни патишта.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека по наводите од пријавата не е констатирана повреда на законот и нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 12- 2603/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk